АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Одржана прес-конференција во врска со ново спроведениот проект за поднесување на е-Барање по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој



На ден 01.07.2015 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, директорката г-ѓа Билјана Вуковиќ одржа прес-конференција во врска со објавениот Јавен повик за поднесување на е-Барање (електронско барање) за финансиска поддршка за инвестиции во земјоделска опрема и механизација за житни индустриски култури преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година.

На прес-конференцијата директорката истакна дека за прв пат се објавува ваков јавен повик каде што сите заинтересирани странки можат да поднесат електронско барање откако ќе се изврши регистрација на линкот e-baranje.ipardpa.gov.mk ,потоа електронски пополнетото барање заедно со целокупната документација потребно е да се преземе, отпечати и достави до Платежната агенција. Во однос на исплаќањето на финансиската поддршка, директорката објасни дека истото ќе се врши по принцип на ко-финансирање на реализирани и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци, со дополнително зголемување на финансиската поддршка од  5% за младите земјоделци на возраст од 18-40 години,10% за земјоделски стопанства кои се наоѓаат во подрачја со ограничени можности и 15% за последните две ставки заедно, односно-млади земјоделци во подрачја со ограничени можности.

Директорката меѓудругото информира дека преку Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за последните 6 години земјоделските стопанства набавија опрема (земјоделска механизација- трактори и приклучна механизација) во вкупен износ од околу 600 милиони денари. Имено преку овие програми земјоделските стопанства набавија над 1570 трактори и 6200 парчиња друга земјоделска механизација кои служат за унапредување на земјоделскиот потенцијал во Република Македонија.